АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 07.09.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 3403 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје издавач на „Лице в лице", и тоа:

   - изданието бр. 041 на „Лице в лице", 2020 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 07 септември 2020 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на печатен медиум ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која „*издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

   - *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
   - *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
   - *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
   - *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Претходно изречена мерка:** Нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Здружението на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на „Лице в лице", во изданието бр. 041, 2020 година во целост ја исполнило обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***